АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за 2013 година

Скопје, 2014 година

# СОДРЖИНА

**1. ВОВЕД** ..... **1**

**2. СОСТОЈБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ** ..... **2**

2.1 НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА – АКТИВНИ БАРАТЕЛИ НА РАБОТА ..... 3

*2.1.1 Состојба и трендови ..... 3*

*2.1.2 Структурни карактеристики на невработените лица ..... 5*

*2.1.3. Структура на невработените лица според место на живеење и Центар за вработување ..... 6*

*2.1.4 Невработени инвалидни лица ..... 6*

2.2 ПОБАРУВАЧКА НА РАБОТНА СИЛА И ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ 6

*2.2.1 Анализа на потреби од вештини на пазарот на трудот ..... 6*

2.3 РЕГИСТРИРАНИ ПРИЈАВИ НА ЗАСНОВАНИ РАБОТНИ ОДНОСИ ..... 11

2.4 ИЗДАВАЊЕ НА РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА СТРАНЦИ ..... 12

**3. УСЛУГИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** ..... **14**

3.1 ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ..... 14

3.2 ИНФОРМИРАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ ..... 14

3.3 ПОДДРШКА НА АКТИВНОТО БАРАЊЕ РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ..... 16

3.4 УСЛУГИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ ..... 16

**4. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА** ..... **17**

**5. АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ** ..... **18**

5.1 ВОВЕД ..... 18

5.2 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ..... 19

*5.2.1 Програма за самовработување ..... 19*

*5.2.2. Финансиска поддршка на правни субјекти (мали и средни претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места ..... 20*

*5.2.3 Субвенционирање на вработување ..... 21*

5.2.3.1 Субвенционирање на вработување на невработени лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа ..... 22

*5.2.4 Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште ..... 22*

*5.2.5. Програми за подготовка за вработување ..... 23*

5.2.5.1 Обука кај познат работодавач ..... 23

5.2.5.2 Обука кај познат работодавач со субвенционирање ..... 24

5.2.5.3 Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот ..... 24

5.2.5.4 Обука за напредни ИТ вештини ..... 25

5.2.5.5 Програма за практикантство како прво работно искуство до вработување ..... 26

5.2.5.6 Едукација за започнување на бизнис ..... 26

*5.2.6 Анкета за слободни работни места ..... 27*

5.3 КРЕДИТИ ..... 27

*5.3.1 Проект за самовработување со кредитирање ..... 27*

*5.3.2 Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места ..... 28*

5.4 ПОСЕБЕН ФОНД ..... 28

**6. ПРОЕКТИ** ..... **29**

**7. РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ .......... 32**

6.1 АКТИВНОСТИ ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ДИРЕКТОРОТ .......... 32
6.2 АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ .......... 33

**8. РАБОТНИ УСЛОВИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ .......... 33**

7.1 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ .......... 33
7.2 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ .......... 36
7.3 ИТ ПОДДРШКА .......... 38
7.4 ФИЗИЧКИ УСЛОВИ .......... 39
7.5 ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА .......... 40
7.6 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, ЛОКАЛНА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА .......... 40

# 1. ВОВЕД

Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) е јавна институција, која својата работа ја заснова на повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, акциски планови и програми, кои се однесуваат на разни сегменти од пазарот на трудот. Меѓу позначајните документи се вбројуваат:

- Годишната Програма за работа на АВРМ,
- Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,
- Законот за јавни службеници,
- Законот за работни односи,
- Законот за евиденциите од областа на трудот,
- Закон за вработување на инвалидни лица,
- Законот за вработување и работа на странци,
- Статутот,
- Национална стратегија за вработување на РМ 2015 година,
- Национален акционен план за вработување на РМ 2011- 2013 година,
- Акцискиот план за вработување на млади 2015 година,
- Програмата на Владата на Република Македонија 2011-2015 година,
- Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст - Европа 2020,
- Повеќегодишна оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007 - 2013,
- и други документи.

Главни дејности на АВРМ се:

- посредување во вработување,
- советување за вработување,
- професионална ориентација,
- осигурување во случај на невработеност,
- спроведување на активни програми и мерки за вработување,
- издавање на работни дозволи на странци,
- креирање на аналитички, развојни и стручни материјали од делокругот на АВРМ,
- информирање за пазарот на трудот кои се од значење за јавноста.

АВРМ во текот на 2013 година продолжи со континуираното надградување на своите услуги, креирајќи соодветни техники и методи за работа со невработените лица и работодавачите. Основна цел на овие активности е АВРМ, како јавна установа, да стане вистинска берза на трудот. Таа е клучниот медијатор за поврзување на понудата и побарувачката на работната сила, а со тоа има значајно влијание врз унапредувањето на функционирањето на пазарот на трудот во земјата. На тој начин, АВРМ има за цел да придонесе за намалување на структурната неусогласеност меѓу побарувачката и понудата на пазарот на трудот.

Активностите што подолу следат јасно ја истакнуваат значајната улога на АВРМ како еден од клучните чинители на пазарот на трудот.

# 2. СОСТОЈБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Со состојба на 31.12.2013 година, во АВРМ евидентирани се:

- 96 200 невработени лица и
- 121 658 други лица кои бараат работа

Во табеларниот приказ кој следи, илустрирана е состојбата на невработените лица (активни баратели на работа) и другите лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), по месеци во 2013 година

| Месец | 2013 година | |
|---|---|---|
| | Невработени лица | Други лица кои бараат работа |
| 1 | 2 | 3 |
| Јануари | 237596 | 4603 |
| Февруари | 215730 | 24536 |
| Март | 154460 | 82351 |
| Април | 108769 | 122644 |
| Мај | 98726 | 125431 |
| Јуни | 96999 | 126740 |
| Јули | 94641 | 127845 |
| Август | 92987 | 129138 |
| Септември | 91293 | 130282 |
| Октомври | 92799 | 130094 |
| Ноември | 95279 | 120626 |
| Декември | 96200 | 121658 |

Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, АВРМ од 2013 година води евиденција на

- Невработени лица и
- Други лица кои бараат работа

Со одредбите од овој Закон точно е утврдено кое лице е невработено лице, а кое лице е друго лице кое бара работа, како и нивните права и обврски.

- Невработено лице е лице пријавено во Агенцијата, кое е невработено, активно бара работа и ги исполнува условите предвидени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност
- Друго лице кое бара работа е економски активно или неактивно лице кое се евидентира во Агенцијата за вработување на Република Македонија, но не бара активно работа и/или не е подготвено да прифати работа.

Пререгистрацијата на невработените лица евидентирани во АВРМ се спроведе во првите пет месеци од 2013 година. Невработените лица со пополнување на Пријава за воведување во регистар, се изјаснија и потпишаа изјава за воведување во регистарот на невработени лица (активни баратели на работа) или во регистарот на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа).

По завршување на пререгистрацијата, со состојба на 31.05.2013 година, беа евидентирани следните состојби:

- 98 726 невработени лица и
- 125 431 други лица кои бараат работа

Од вкупно регистрираните лица во АВРМ заклучно со 31.05.2013 година, 44,0% се изјасниле дека сакаат да бидат воведени во евиденцијата на невработени лица, а 56,0% се изјасниле дека сакаат да бидат воведени во евиденцијата на други лица кои бараат работа.

Измените во законската регулатива имаа за цел точно утврдување на вистинските баратели на работа, утврдување на структурата на барателите на работа, креирање на соодветни активни политики и мерки за вработување прилагодени според потребите на барателите на работа и можностите на пазарот на трудот, целисходно користење на човечките и финасиските ресурси за работа со лицата кои навистина бараат работа.

Согласно Правилникот за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот за водењето на регистрите, во периодот од 23.09 - 30.11.2013 година, АВРМ спроведе процес на проверка на податоците внесени во регистарот на евидентирани невработени лица (активни баратели на работа) и регистарот на други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), со цел да се потврди и провери точноста на податоците за секое лице од двата регистри.

При проверката на податоците на лица регистрирани во АВРМ им се даде можност, повторно, со потпишување на изјава, да се произнесат дали сакаат да се пријавуваат во регистарот на невработени лица (активен барател на работа) или во регистарот на други лица кои бараат работа (пасивен барател на работа), при што службеното лице од АВРМ/Центар за вработување, детално им ги објаснуваа правата и обврските кои ги имаат лицата, доколку се воведат во едниот или другиот регистар.

Со состојба на 30.11.2013 година, по завршување на проверката на податоците за лицата од двата регистри, во АВРМ беа евидентирани следните состојби

- 95 279 невработени лица и
- 120 626 други лица кои бараат работа

Од вкупно регистрираните лица во АВРМ со состојба на 30.11.2013 година, 44,1% се изјасниле дека сакаат да бидат воведени во евиденцијата на невработени лица, а 55,9% се изјасниле дека сакаат да бидат воведени во евиденцијата на други лица кои бараат работа.

## 2.1 НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА – АКТИВНИ БАРАТЕЛИ НА РАБОТА

### 2.1.1 Состојба и трендови

Со состојба на 31.12.2013 година во АВРМ евидентирани се 96200 невработени лица (активни баратели на работа).

| | состојба | 31.12.2013 година |
|---|---|---|
| **Евидентирани невработени лица** | | **96200** |
| Невработени лица-жени | | 41770 |
| Невработени лица на возраст од 15 до 24 години | | 13420 |
| Невработени лица на возраст од 15 до 27 години | | 22183 |
| Невработени лица на возраст од 55 години и повеќе | | 23635 |
| Невработени лица кои чекаат на вработување повеќе од една година | | 57856 |
| Невработени инвалидни лица | | 1208 |
| Невработени лица -корисници на паричен надоместок | | 17476 |

Бројот на невработени лица со состојба во месец декември 2013 година, во однос на месец мај 2013 година, кога согласно измените во законската регулатива, заврши процесот на пререгистрација на невработените лица регистрирани во АВРМ и беа евидентирани 98726 невработени лица (активни баратели на работа), бележи намалување за 2526 лица.

Измените во законската регулатива имаа за цел точно утврдување на вистинските баратели на работа, како и креирање на соодветни активни политики и мерки за вработување прилагодени според потребите на барателите на работа и можностите на пазарот на трудот.

На трендот на намалувања на невработеноста кој се забележува во периодот 2007-2013 година, големо влијание имаат политиката и стратегијата за вработување утврдени во повеќе стратешки документи, согласно предвидената Програма за работа на Владата.

Политиките за вработување имплементирани во изминатиот период се во насока на зголемување на учеството на пазарот на трудот и намалување на структурната невработеност, преку стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот и промовирање на претприемништвото, усогласување на понудата и побарувачката на работна сила согласно потребите на пазарот на трудот, подобрување на понудата на работната сила, олеснување на процесот за трансформација од школо на работа, како и намалување на сивата економија.

АВРМ како одговорна институција за имплементација на програмите и мерките за вработување, дефинирани во годишните Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување, има значајна улога и голема одговорност со своите активности успешно да придонесува во намалување на невработеноста, односно превзема мерки и активности кои придонесуваат да се зголемат вештините на лицата кои активна бараат работа, да се зголеми нивната конкурентност на пазарот на труд со што се зголемува и нивната можност за побрзо вработување.

Намалувањето на стапката на невработеност на 28,7% во третото тримесечје од 2013 година[1], укажува на позитивните ефекти од реализацијата на политиките за вработување, насочени кон отворање на нови работни места, како и ефектите кои ги даваат ново креираните работни места од мултинационалните компании кои отпочнаа нови инвестиции или пренесоа

[1] Извор: Државен завод за статистика

дел од нивните деловни активности во технолошко - индустриските развојни зони во Република Македонија.

### 2.1.2 Структурни карактеристики на невработените лица

Од аспект на оценката на квалитетот на дел од расположивиот човечки потенцијал кој што е надвор од економска активност и ја дефинира понудата на пазарот на трудот, мошне значајни се и структурните карактеристики на невработените лица.

Структурата на невработени лица, според пол со состојба на 31.12.2013 година, се карактеризира со поголемо учество на мажите во вкупниот број на невработени лица 56,6% (54430), во споредба со жените кои во вкупната невработеност учествуваат со 43,4% (41770).

Во однос на возрасната структура, невработените лица на возраст до 29 години во вкупниот број на евидентирани невработени лица, учествуваат со 28,1% (27094), од 30-39 години со 20,0% (19161), од 40-49 години со 18,0% (17367) и невработените лица со 50 години и повеќе во вкупниот број на евидентирани невработени лица учествуваат со 33,9% (32578).

Невработените лица на возраст од 15-27 години, (кои се целна група во годишните Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување), со состојба на 31.12.2013 година, во вкупниот број на невработени лица учествуваат со 23,1% (22183 лица) .

Структурата на невработените лица според школска подготовка, се карактеризира со релативно големо учество на лица без образование и со основно образование во вкупниот број на невработени лица, односно 26,9% (25925), невработените лица со непотполно средно образование учествуваат со 16,8% (16209), невработените лица со завршено средно образование со 35,3% (33996), а невработените лица со завршено вишо и високо образование со 2,8% (2676) односно 18,1 % (17394) во вкупно евидентираните невработени лица.

Во евиденцијата на невработените лица, имајќи го во предвид степенот на образование, најбројни се невработените од следните профили на занимање: дипломиран економист, дипломиран правник, професор по одделенска настава на македонски јазик, дипломиран учител, дипломиран социјален работник, дипломиран психолог (професор), професор за предучилишно воспитување, дипломиран менаџер по туризам и угостителство, матурантите од гимназија се најбројни од невработените со завршено средно образование, економски техничар, машински техничар, земјоделски техничар-полјоделец, конфекциски техничар, прехранбен техничар, хемиско-технолошки техничар и др.

Според време на чекање на вработување, со состојба на 31.12.2013 година, 39,9% (383441) од невработените лица, чекаат на вработување до 11 месеци, 29,7% (28646) чекаат на вработување од една до три години, а 30,4% (29210) од невработените лица, чекаат на вработување четири години и повеќе.

Структурата на евидентираните невработени лица според националната припадност, со состојба на 31.12.2013 година, е следна: 80,1% (77003) од евидентираните невработени лица се Македонци, 13,7% (13209) - Албанци, 1,7% (1653) - Турци, 1,8% (1773) – Роми, 0,9% (837) - Срби, 0,3% (273) се Власи, 0,2% (206) - Бошњаци, а останатите 1,3% (1246) од невработените лица се припадници на друга етничка заедница.

#### 2.1.3. Структура на невработените лица според место на живеење и Центар за вработување

Според местото на живеење, невработеноста е повеќе изразена во урбаната средина, каде се евидентирани 72,8% (70111) од невработените лица, а 27,2% (26089) од невработените се со место на живеење во руралната средина.

Соодветно на бројот на жители, во Центарот за вработување на град Скопје, евидентирани се најголем број од невработените лица, односно 16,1%. (15450) од вкупно невработените лица. Во Центарот за вработување Тетово евидентирани се 10,3% (9947) од вкупно невработените лица, Центарот за вработување Битола 7,2% (6880), Центарот за вработување Прилеп 7,0% (6748), Центарот за вработување Куманово 6,9% (6670), Центарот за вработување Охрид евидентирани се 4,1% (3906) од вкупно невработените лица и др.

#### 2.1.4 Невработени инвалидни лица

Во АВРМ со состојба на 31.12.2013 година, евидентирани се 1208 невработени инвалидни лица –активни баратели на работа, од кои 44,6% (438) се жени, а 55,4% (770) се мажи.

Невработените инвалидни лица се вбројани во вкупниот број на невработени лица, евидентирани во АВРМ.

Според возрасната структура, 24,0% (290) од невработените инвалидни лица се на возраст од 15 до 29 години, 47,5% (573) се на возраст од 30 до 49 години и 28,6% (345) од невработените инвалидни лица се на возраст со 50 години и повеќе.

Според степенот на образование, најголем број од невработените инвалидни лица 47,7% (577) се без образование и со основно образование, 22,8% (275) се со непотполно средно образование, 24,0% (289) се со завршено средно образование, а невработените инвалидни лица со вишо и високо образование учествуваат со 5,5% (67) во вкупниот број на невработени инвалидни лица.

### 2.2 ПОБАРУВАЧКА НА РАБОТНА СИЛА И ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

#### 2.2.1 Анализа на потреби од вештини на пазарот на трудот

Истражувањето за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, обезбедува одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Целта на истражување е да се зголемат сознанијата за состојбите и очекуваните промени на пазарот на трудот, преку добивање на информации од работодавачите за

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања, на планираните нови вработувања;
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања;
- потребите од работници со одредени занимања, за кои работодавачите почуствувале недостаток при пополнување на слободните работни места.

Сознанијата добиени од анкетното истражување за Анализа на потребите од вештини, претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за подготовката за вработување, кои имаат за цел подигање на вештините на невработените лица, заради зголемување на нивната конкуретност на пазарот на трудот и побрзо вработување. Исто така, сознанијата добиени од анкетното истражување, претставуваат и основа за подготовка на локални акциони планови за вработување, а истите можат да послужат и при конципирање на уписната политика, при креирањето на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Истражувањето придонесува и за зголемување на соработката и довербата меѓу работодавачите и АВРМ.

Анкетното истражување за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот базира на примерок од работодавачи (деловни субјекти) од приватниот сектор со седум и повеќе вработени. Јавниот сектор не е вклучен во истражувањето.

Анкетата се реализира преку посета на работодавачите, интервју и пополнување на прашалник, а на територијата на Град Скопје, анкетата се спроведува комбинирано, однсно, посета и телефонско интервју со работодавачите. Според методологијата нивото на сигнификантност на резултатите е поставено на 70%..

Примерокот за анкетното истражување е стратифициран случаен примерок.

За реализација на анкетното истражување во 2013 година, АВРМ согласно методологијата за анкетно истражување, изработи нов примерок на работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени.

*Резултати од спроведеното истражување за Анализата за потреби од вештини на пазарот на трудот за периодот 2013-2014 година*

Анкетното истражување во 2013 година, се спроведе во периодот октомври –ноември и истото базира на примерок од 3069 деловни субјекти (фирми) од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, раслоен по дејности во рамките на различни региони. Опфатот на анкетното истражување е 90,4% или 2774 анкетирани фирми.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека на национално ниво со анкетата беа опфатени 38,1% од вкупниот број фирми од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, во кои работат 62,4% од вработените во фирмите од анализираните дејности.

| Дејност | Вкупен број на фирми со 7 и повеќе вработени | Број на фирми опфатени со анкетата | Вкупен број на вработени во фирмите со 7 и повеќе вработени | Број на вработени опфатени со анкетата | % на фирми опфатени со анкетата | % на вработени опфатени со анкетата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 150 | 61 | 5935 | 3909 | 40,7 | 65,9 |
| Рударство и вадење на камен | 54 | 18 | 3682 | 2610 | 33,3 | 70,9 |
| Преработувачка индустрија | 1790 | 839 | 87810 | 67202 | 46,9 | 76,5 |
| Снабдување со електрична енергија, гас и вода | 14 | 3 | 2593 | 256 | 21,4 | 9,9 |
| Градежништво | 621 | 221 | 17995 | 10164 | 35,6 | 56,5 |
| Трговија на големо и трговија на мало | 2134 | 799 | 47180 | 25950 | 37,4 | 55,0 |
| Транспорт и складирање | 773 | 268 | 14520 | 8037 | 34,7 | 55,4 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности за храна | 595 | 190 | 10052 | 4142 | 31,9 | 41,2 |
| Информации и комуникации | 87 | 21 | 2674 | 523 | 24,1 | 19,6 |
| Финансиска дејност и дејност на осигурување | 317 | 117 | 15667 | 7304 | 36,9 | 46,6 |
| Дејност во врска со недвижен имот | 55 | 20 | 1701 | 917 | 36,4 | 53,9 |
| Стручни научни и технички дејности | 226 | 66 | 4893 | 2696 | 29,2 | 55,1 |
| Административни и помошни услужни | 85 | 27 | 3652 | 2291 | 31,8 | 62,7 |
| Образование | 81 | 26 | 1322 | 647 | 32,1 | 48,9 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 185 | 49 | 3658 | 1907 | 26,5 | 52,1 |
| Уметност, забава и рекреација | 66 | 31 | 4720 | 3482 | 47,0 | 73,8 |
| Други услужни дејности | 54 | 18 | 2144 | 1714 | 33,3 | 79,9 |
| **ВКУПНО** | **7287** | **2774** | **230198** | **143751** | **38,1** | **62,4** |

Анализирано според дејности, опфатот по дејности е различен и се движи од 21,4% во дејноста снабдување со електрична енергија, гас и вода, 24,1% во дејноста информации и комуникации, 31,9% во објекти за сместување и сервисни дејности за храна, 35,6% во градежништвото, 37,4% во трговија на големо и трговија на мало, 40,7% во земјоделство, шумарство и риболов, 46,9% во преработувачката индустрија до 47,0% во дејноста уметност, забава и рекреација.

Од вкупно 2774 анкетирани фирми, 74,6% (2069) се мали фирми (број на вработени од 7-49), 22,2% (611) се средни фирми (50-249 вработени) и 3,4% (94) се големи фирми (со 250 и повеќе вработени). Нивното учество во вкупниот број вработени во анкетираните фирми респективно изнесува: 23,3%, 44,2% и 32,5%.

Во однос на економската активност, 59,2% од анкетираните работодавачи во наредниот период од 6 до 12 месеци, очекуваат константна побарувачка на нивните производи/услуги. Релативно мал дел од фирми (8,5%) предвидуваат намалување на нивната економска активност, односно намалување на побарувачката на нивните производи/услуги. Зголемување на економската активност, односно зголемување на побарувачката на производите/услугите очекуваат 32,3% од анкетираните фирми.

Во наредниот период од 12 месеци, половина од анкетираните работодавачи (50,5%), предвидуваат нови вработувања. Во овие фирми се очекуваат 10132 вработувања.

Податоците за бројот на очекуваните нови вработувања и опфатот на вработените со анкетата, претставуваат основа за статистичко предвидување за новите вработувања во наредниот период од 12 месеци, кој во случајов би изнесувал околу 16225 вработувања.

Според големината на фирмите, носители на новите вработувања ќе бидат средни по големина фирми, каде се очекува да се реализираат 46,3% од вкупно очекуваните нови вработувања, во малите фирми се очекува да се реализираат 30,4% од вработувањата, а во големите фирми 23,3% од очекуваните вработувања.

Според дејноста, во преработувачката индустрија се очекуваат да се реализираат приближно 40,0% од вработувањата, 23,1 % во трговијата на големо и трговијата на мало, 9,0% од вработувањата се очекуваат да се реализираат во градежништвото, 6,9% во дејноста транспорт и складирање, 4,3% во финансиската дејност и дејности на осигурување и др.

Набљудувано по регион, во наредните 12 месеци, во Скопскиот регион се предвидува да се реализираат 40,2% (4070) од вкупниот број на очекувани вработувања, во Пелагониски регион 17,1% (1729), во Источен регион 13,8% (1397), во Вардарски регион 10,3% (1040), во Североисточен регион 6,2% (631), во Југоисточен регион 5,9% (596), во Југозападниот регион 3,5% (353) и во Полошки регион 3,1% (316) од очекуваните вработувања.

Според степенот на потребно знаење (образование), во наредните 12 месеци, од очекуваните нови вработувања, 10,0% (1009) ќе бидат за лица со завршено високо образование, 8,4% (854) за лица со завршено средно и вишо образование, 61,6% (6241) ќе бидат за лица со завршено средно образование и 20,0% (2026) од новите вработувања се за лица со завршено основно образование.

Во однос на занимањето, имајќи го во предвид степенот на потребно знаење (образование), според искажаните потреби од анкетираните работодавачи, приоритет при новите вработувања во наредните 12 месеци ќе имаат лицата со завршено високо образование (програми до и постдипломско универзитетско образование) за занимањето: програмер, информатичар, градежен инженер, архитект, архитект-проектант, машински инженер, инженер-технолог, фармацевтски технолог, електроинженер, електроинженер-конструктор, електроинженер-проектатнт инженер за електроника, инженер за транспорт, инженер–технолог, инженер–технолог за прехранбени производи, инженер–технолог за фармацевтски прозводи, сметководител, брокер, графички дизајнер, економисти (за финансии, за осигурување, за банкарство, за менаџмент), правници и др.

Со средно или вишо образование (програми за средно и вишо образование освен универзитетско) за занимањето: комерцијалист, техничар за преработка на тутун, градежен техничар (за висока градба и за ниска градба), оператор на медицинска опрема, текстилен техничар, ракувач со рударски постројки, медицинска сестра, електротехничар, машински техничар, администратор, фармацевтски техничар, графички техничар, оператор на телекомуникациска опрема, техничар машински конструктор, геодетски техничар, индустриски топилничар – леар и други.

Со завршено средно образование (програми за средно образование) за занимањето: шивач, шивач на текстил, кројач, продавач, бравар, столар, заварувач, армирач, лимар, металостругар, келнер, готвач, слаткар, пекар, чевлар, возач на товарно возило, возач на такси, градежен работник за одржување на згради, ѕидар, фасадер, гипсар, градежни работници,

монтер на градежни елементи, монтер на метални конструкции, автомеханичар, составувач на акумулатори, електроинсталатер, преработувач на овошје и зеленчук и др.

Со завршено основно образование (завршено основно образование) за занимањето: работник за едноставни работи во преработка на тутун, работник за едноставни работи во производствена линија, работник за едноствани работи во производство на текстил, чевларски работник, работник во каменолом, хигиеничар на производствени –работни простории, рударски работник, пеглач на алишта, рачен пакувач, тесарски работник, работник на високоградба и работник на нискоградба, ѕидарски работник, градинарски работник, работник на утовар и истовар, дистрибутер во малопродажба и друго. (Во прилог Преглед за очекувани вработувања по занимања според НКЗ (ISCO, на ниво на РМ и на ниво на регион)

Мал број од анкетираните работодавачи се изјасниле дека се соочиле со недостатокот од работна сила при пополнување на слободните работни места. Притоа работодавачите потенцираат дека недостатокот во најголем дел се манифестира во неможност да се обезбедат работници од соодветно занимање со работно искуство, како и недостаток од работници со стекнати дополнителни знаења и вештини. Иновациите, односно техничко технолошкиот напредок, побарува работна сила, со способности, знаења и вештини, за извршување на конкретни работни задачи во согласност со новите трендови.

Во врска со барањата за посебни знаења и вештини кои треба да ги поседуваат потенцијалните кандидати за вработување, истражувањето покажа дека работодавачите најмногу ја нагласуваат потребата од познавањето на странски јазици, (англиски, германски, италијански), познавање на основни компјутерски апликации (MS Office, Auto Cad), како и стекнати напредни знаења и вештини од областа на информациската технологија (сервер администратор, CISCO, Java programmer, Oracle). Притоа работодавачите ја нагласуваат потребата од задолжително поседување на сертификати за стекнатите знаења.

Меѓу другите вештини се нагласува и потребата од комуникациски вештини, амбициозност, одговорност, доверливост, прецизност, тимска работа, вештина за внес и читање на податоци, флексибилност, вештини за продажба и маркетинг, вештини за менаџирање.

Анкетното истражување за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, обезбедува корисни краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Активностите на АВРМ, како значаен учесник на пазарот на трудот, се насочени кон поуспешно поврзување на понудата и побарувачката на работната сила, како и активности за зголемување на капацитетите за вработување на невработените лица, со цел нивна успешна интеграција на променливиот пазар на труд.

Воедно, потребно е континуирано да се работи на усогласување на образовниот систем и образовните курикулуми според барањата на пазарот на трудот. Исто така, значајно е да се стави поголем акцент за информирање на јавноста, пред се на децата од завршните години на школување и нивните родители, во врска со занимањата и професиите кои се перспективни и побарувани на пазарот на трудот.

## 2.3 РЕГИСТРИРАНИ ПРИЈАВИ НА ЗАСНОВАНИ РАБОТНИ ОДНОСИ

АВРМ води евиденција на регистрирани пријави на засновани работни односи (М-1-обрасци).

Во периодот 01.01 - 31.12.2013 година, регистрирани се вкупно 167575 пријави на засновани работни односи.

Во однос на истиот период од минатата година се забележува намалување на бројот на регистрирани пријави на засновани работни односи за 14,0%.

| | 2012 година | 2013 година | Индекс 2013/2012 |
|---|---|---|---|
| Регистрирани пријави на засновани работни односи - М1 обрасци (01.01 до 31.12.) | 194951 | 167575 | 86,0 |
| Од евиденција на невработени | 45712 | 34070 | 74,5 |
| Надвор од евиденција на невработени | 149239 | 133505 | 89,5 |
| На неопределено време | 85529 | 77291 | 90,4 |
| На определено време и сезонски работи | 109422 | 90284 | 82,5 |

Според видот на работниот однос, од вкупно 167575 пријави на засновани работни односи,

- 77291 (46,1%) се регистрирани пријави на засновани работни односи на неопределено време,
- 90284 (53,9%) се регистрирани пријави на засновани работни односи на определено време и сезонска работа.

Во однос на 2012 година, се забележува зголемување на учеството на засновани работни односи на неопределено работно време од 43,9% на 46,1%, а намалување на учеството на заснованите работни односи на определено работно време и сезонски работи, од 56,1 % на 53,9% во вкупно регистрираните пријави на зазсновани работни односи.

Според статусот на лицата на кој се однесуваат регистрираните пријави на засновани работни односи,

- 34070 (20,3%) се регистрирани пријави на засновани работни односи од евиденцијата на невработените,
- 133505 (79,7%) се регистрирани пријави на засновани работни односи надвор од евиденцијата на невработените.

Во однос на 2012 година, учеството на регистрираните пријави на засновани работни односи кои се однесуваат на лица од евиденција на невработените се намалува, а се зголемува учеството на регистрираните пријави на засновани работни односи кои се однесуваат на лица недвор од евиденцијата на невработени.

## 2.4 ИЗДАВАЊЕ НА РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА СТРАНЦИ

Согласно Законот за вработување и работа на странци, подзаконските акти и Одлуката за определување на квотите на работни дозволи за странци за 2013 година во вкупна висина од 2600 работни дозволи распределена по групи, АВРМ е надлежна за издавање на работни дозволи.

Во периодот 01.01 - 31.12.2013 година во АВРМ поднесени се вкупно 2928 барања за издавање на работни дозволи, односно 3144 барања по лице.

| Статус на барање | Број на барања |
|---|---|
| Барање | 396 |
| Одбиено | 154 |
| Повлечено | 29 |
| Уважено | 2565 |
| Вкупно | 3144 |

Вкупниот број на издадени работни дозволи изнесува 2824, од кои за 150 барањата се поднесени пред 01.01.2013 година. Од нив, издадени се:

- 2623 позитивни работни дозволи по сите основи;
- 278 позитивни работни дозволи (навремено проследени до надлежните институции) кои не се подигнати односно не се реализирани;
- 201 негативни решенија се издадени поради неисполнување на условите за издавање на работни дозволи.

Од вкупно издадените 2623 позитивни работни дозволи во извештајниот период издадени се:

- 1400 дозволи за вработување;
- 727 лични работни дозволи; и
- 496 дозволи за работа.

Од нив, за продолжување на работната дозвола по сите основи издадени се 867 работни дозволиз а за нови работни дозволи по сите основи издадени се 1756 работни дозволи и тоа:

Според занимањето на странските државјани издадени се работни дозволи како

| | |
|---|---|
| Работник за едноставни работи нераспределен на друго место | 12 |
| Готвач | 9 |
| Продавач | 13 |
| Пекар | 16 |
| Пекар, мајстор | 8 |
| Електротехничар | 8 |
| Машински техничар | 12 |
| Текстилен техничар | 8 |
| Управител | 43 |
| Економист | 22 |
| Останати | 2673 |

## Според стручната подготовка на странците:

| | |
|---|---|
| Трет циклус на студии: докторски студии | 27 |
| Втор циклус на студии: магистерски академски студии | 96 |
| Втор циклус на студии: специјалистички студии | 20 |
| Прв циклус на студии: универзитетски 240, стручни 240 | 989 |
| Прв циклус на студии: универзитетски 180, стручни 180 | 56 |
| Стручни студии од 60 до 120 кредити | 33 |
| Стручно образование поврзано со првиот циклус на студии до 60 ЕКТС | 7 |
| Средно образование | 1053 |
| Средно стручно | 171 |
| Основно образование | 352 |
| Основно нижо | 13 |
| Нема образование | 7 |

## Според државата на потекло на странски државјани:

| | |
|---|---|
| Албанија | 85 |
| Босна и Херцеговина | 65 |
| Бугарија | 201 |
| Хрватска | 108 |
| Германија | 97 |
| Грција | 480 |
| Словенија | 60 |
| Турција | 551 |
| Србија | 356 |
| Косово | 103 |
| Останати | 718 |

## Според градови за кои странските државјани добиле работни дозволи

| | |
|---|---|
| Скопје | 1754 |
| Скопје | 350 |
| Гевгелија | 149 |
| Битола | 66 |
| Охрид | 60 |
| Тетово | 54 |
| Прилеп | 53 |
| Кавадарци | 45 |
| Куманово | 29 |
| Штип | 28 |
| Останати | 236 |

# 3. УСЛУГИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## 3.1 ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Посредувањето за вработување има за цел да им помогне на работодавачите да ги пополнат слободните работни места со квалификувани работници, а на невработените и други лица кои бараат работа да им помогне во вработувањето. Посредувањето опфаќа стручни, административни, и други активности на АВРМ, со кои се обезбедуваат услуги на клиентите во размената на трудот. АВРМ во текот на 2013 година оствари бројни контакти со работодавачите, нудејќи ја оваа бесплатна услуга за обезбедување на соодветен кадар. Притоа беа добиени и доста корисни информации околу планираните нови вработувања во претстојниот период, видовите на занимања кои се особено побарувани и други информации кои се значајни при креирањето на активните политики за вработување. Од друга страна, при добивање на барање за посредување при вработување од страна на работодавач, АВРМ вршеше пребарување во својата евиденција на невработени лица, при што за секое работно место, упатуваше кај работодавачот до 5 невработени лица, заради евентуално поврзување, односно вработување. Доколку работодавачот не можеше да ја задоволи својата потреба од бараниот кадар, му се нудеа други активни мерки за вработување, се со цел да се излезе во пресрет на неговите барања.

## 3.2 ИНФОРМИРАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ

Во текот на 2013 година, во центрите за вработување на АВРМ се реализираа и активностите за информирање и советување за вработување во работните клубови.

Целта на овие активностите е да се поттикнува иницијативата и да се зајакнуваат капацитетите на лицата кои бараат вработување - успешно претставување на пазарот на трудот, успешно барање работа и вработување.

Корисници на услугите на работните клубови беа сите категории на невработени лица.

Корисници на овие услуги се и работодавачите, со кои беа остварени многубројни средби со различна цел - да се информираат за можноста за користење на активните мерки кои се спроведуваат во АВРМ, законската регулатива од областа на вработувањето, информирање за процесот на посредување при вработување, а воедно беа спроведени и истражувања на нивните потреби од работници и други активности.

За остварување на целите на работните клубови, беа спроведувани повеќе видови активности, како што се: отворена канцеларија, работилници, интервјуа, едукација за започнување на бизнис, обуки за претприемништво, обуки за комуникациски вештини, обуки за компјутери, обуки за странски јазици и индивидуални планови за вработување.

Реализираните активности во отворените канцеларии, како дел од редовната работа на работните клубови, имаа за цел да им овозможуваат на невработените и други лица кои бараат работа да добијат информации за нивните права и обврски, како и информации од пазарот на трудот.

Со активното учество во работилниците, невработените лица кои бараат работа беа вклучени во програми за психолошка помош и поддршка, беа оспособувани за проценка на сопствените интереси, ставови, способности и вештини, добија обука за користење на техники за успешно претставување на пазарот на трудот, беа мотивирани и советувани за можностите за вработување со самовработување и воопшто за остварувањето на активна улога во решавањето на проблемот на невработеноста.

Во некои обуки беа вклучени и надворешни предавачи (за обуки за компјутери и странски јазици), покрај вработените од центрите за вработување, кои учествуваа како предавачи во сите останати видови обуки, водење на работилници и едукации за невработените лица.

Беа изработувани и индивидуални планови за вработување со невработените лица со кои им се помагаше при планирањето на процесот на барање работа.

Во работните клубови се спроведуваа и активности поврзани со реализација на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2013 година и други активни мерки за вработување, како и разни проектни активности за зголемување на вработувањето во кои е вклучена АВРМ.

АВРМ во 2013 година отпочна со спроведување на мотивациони обуки и советувања за најранливата група на долгорочно невработени лица, со време на чекање 10 години и повеќе. Со овие обуки беа опфатени 8059 долгорочно невработени лица, од следниве целни групи (18-39, 40-49 и 50-59 годишна возраст).

Невработените лица се мотивираа за користење на услугите на АВРМ преку повеќе активности и тоа :

- *информирање за видот на услугите,*
- *информирање за начинот на обезбедување на услугите што може да се добијат од страна на АВРМ,*
- *обуки за подготовка на CV*
- *обуки за интервју за подобро претставување пред работодавачот*
- *ориентирање на невработените кон услугите на АВРМ*
- *самооценување*
- *советување и упатување на невработените лица кои бараат работа за професионална ориентација заради избор на занимање или вработување,*
- *помош во случај кога им престанал работниот однос (справување со финансиски проблеми, справување со здравствени и фамилијарни проблеми, справување со стресни ситуации).*

Покрај овие активности, во работните клубови беа организирани и многубројни средби помеѓу работодавачите и невработените лица со цел посредување за вработување, се спроведуваа интервјуа и други активности.

Обемот, бројот и видот на активностите, како и другите аспекти од работата на работните клубови беа прилагодени кон специфичностите на центрите за вработување, кон нивната опременост, кадровскиот потенцијал и потребите на невработените лица и работодавачите кои ги користеа услугите. За унапредување на квалитетот на активностите и за зголемување на нивниот број потребно е зајакнување на човечките ресурси и подобрување на просторните услови и опремата во дел од работните клубови.

## 3.3 ПОДДРШКА НА АКТИВНОТО БАРАЊЕ РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Со измените во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност се обезбедува поголема поддршка на невработените лица во процесот на барање на работа. АВРМ има обврска, покрај другото, да подготвува и индивидуален план за вработување (ИПВ) за секое невработено лице евидентирано во АВРМ.

Во ИПВ кој го изработува АВРМ во соработка со невработеното лице, се утврдуваат целите за вработување, планот на активностите на невработеното лице заради вработување, учество во мерките на активни политики за вработување и местото на вработувањето.

ИПВ го потпишуваат АВРМ и невработеното лице во рок од 30 дена од денот на воведувањето во регистарот, со важност од шест месеци од денот на потпишувањето, по кој рок се вршат негови измени и дополнувања.

Во случај кога невработеното лице нема да преземе дејствија за изменување и дополнување на ИПВ во законски предвидениот рок, се брише од евиденцијата на невработените лица за период од една година.

За другите лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа), АВРМ нуди услуги на евидентирање и обезбедување на информации за пазарот на труд.

Во текот на 2013 година изработени се вкупно 127008 ИПВ.

Професионалната ориентација ги подразбира услугите на АВРМ за невработените и други лица кои бараат работа, за избор на занимање или вработување по пат на тестирање и разговор и информирање за потребите од одделни занимања како и можностите за вработување.

Професионална ориентација опфаќа и индивидуално советување при изборот на занимање според желбите, интересот и способностите на лицата за одредено занимање и потребите и можностите на пазарот на трудот

Во периодот април-мај 2013 година беше спроведена активност во делот на тестирање на ученици од завршните одделенија при основните училишта во цела Република Македонија. Опфатени беа вкупно 17951 ученик, со цел избор на идно занимање и насочување по завршување на основното образование.

ИПВ и професионалната ориентација се спроведуваат континуирано во сите центри за вработување.

## 3.4 УСЛУГИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

АВРМ нуди услуги и по електронски пат за своите клиенти коишто имаат регистрирано корисничко име на веб порталот.

Бројот на регистрирани кориснички имиња на порталот на АВРМ, до крајот на 2013 година изнесувал: 2488 приватни фирми, 14 агенции за привремени вработувања и околу 20142 физички лица. Најголем пораст од околу 4 пати е забележан кај новорегистрираните приватни фирми.

Најчесто користена услуга од страна на физичките лица е увид во сопствената историја на работни односи (М1/М2 пријави/одјави).

Работодавачите кои имаат корисничко име на порталот, ја користат можноста за огласување на ППР, како и за пријава/одјава на вработени (М1/М2). Бројот на објавени огласи (ППР обрасци) по електронски пат во 2013 година изнесува 13192, што е околу 13% од вкупно објавените ППР, додека бројот на поднесени пријави М1 на овој начин е 34877 што е околу 15% од вкупно поднесените М1 пријави во 2013 година.

Бројот на посети на веб страната на АВРМ во 2013 година изнесува скоро 34.000.000 посети.

# 4. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА

Правата од осигурување во случај на невработеност се остваруваат во АВРМ, односно во соодветниот центар за вработување каде што лицето е евидентирано како невработеното лице.

Постапката и условите за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност се уредени со одредбите од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Невработените лица кои се корисници на паричен надоместок, согласно Законот, спаѓаат во регистарот на невработени лица, односно активни баратели на работа и ги имаат законски утврдените права кои им следуваат како право по основ на невработеност.

Со состојба на 31.12.2013 година, евидентирани се 17476 невработени лица – корисници на паричен надоместок или 15,1% од вкупно евидентираните невработени лица. Споредбено со истиот период минатата година (31.12.2012), бројот на невработени лица корисници на паричен надоместок бележи намалување за 4251 или 19,5 %.

Во текот на 2013 година, право на паричен надоместок оствариле 10760 невработено лице.

Од нив, со право на пензиско и инвалидско осигурување биле опфатени 52 лица.

Можноста правото на паричен надоместок да се користи како поттик за вработување на корисникот (преку исплата на неисплатениот дел од паричниот надоместок) го користеле 97 **лица**.

Структурата на невработените лица кои оствариле право на паричен надоместок во текот на 2013 година, се карактеризира со:

- поголемо учество на мажите (6371) во споредба со жените (4389);
- поголемо учество на неквалификувани, полуквалификувани и квалификувани (4910), и со завршено средно образование (3891);
- поголемо учество на корисници на паричен надоместок во траење од 1 до 4 месеци (5699), споредбено со оние корисници кои ова право го користат од 5 до 12 месеци (4374).

Бројот на невработени лица кои се стекнале со право на паричен надоместок до пензионирање изнесува вкупно 687 лица.

На 59 невработени лица, по нивно барање, им мирувало правото на исплата на паричен надоместок (во смисла на член 59 од Законот), а на 75 невработени лица е запрена исплатата на паричниот надоместок (во смисла на член 75 од Законот).

Во текот на 2013 година вкупно се поднесени 108 жалби до министерството за труд и социјална политика, од кои уважени се само 12 жалби.

Согласно важечките законски прописи, се додека невработеното лице има право на паричен надоместок, остварува и право на здравствено осигурување, а обврзник за пресметка и уплата на придонесот за здравствено осигурување е АВРМ.

Може слободно да се истакне дека Центрите за вработување во соработка со Секторот за осигурување и права во случај на невработеност во текот на 2013 година, во целост ги применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и одредбите од Законот за прибавување и размена на докази и податоци, така што сета потребна документација за остварување право на паричен надоместок се прибавува по службена должност.

# 5. АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

## 5.1 ВОВЕД

Стратегијата и политиките за вработување утврдена во повеќе стратешки документи, со цел ублажување на невработеноста во Република Македонија, се усогласени со политикита за вработување што е усвоена од страна на земјите членки на Европската Унија.

Во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година, дефинирани се видот на активните програми и мерки за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средствата, како и конкретните активности и рокови за субјектите надлежни за имплементација на истите, се со цел успешно спроведување на програмите/мерките за вработување предвидени со Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011-2015 година и Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен пораст – Европа 2020.

Програмите и мерките за вработување  што се имплементираа во текот на 2012 година, генерално се поделени во две групи:

1. Програми и мерки  за вработување кои водат кон директно вработување и имаат за цел намалување на невработеноста преку започнување на сопствени бизниси и отворање на нови работни места како и стимулирање на побарувачката на работна сила на пазарот на трудот
2. Програми и мерки за вработување кои имаат за цел стекнување и дополнување на знаењата и вештините на невработените лица заради зголемување на нивната вработливост и конкурентност на пазарот на трудот

Во прилог на Извештајот се дадени табели за структури на учесниците во активните мерки за вработување (пол, возраст, степен на образование, време на чекање на вработување)

## 5.2 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА

### 5.2.1 Програма за самовработување

Цел на програмата е намалување на невработеноста преку започнување на сопствени бизниси. Непосредна цел е да се создадат нови работни места преку поттикнување на побарувачката на пазарот на трудот со самовработување

Програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста.

Целна група се:

- долгорочно невработени (над 1 година евидентирани во АВРМ);
- млади лица до 29 годишна возраст;
- лица на возраст од 30-49 години;
- корисници на паричен надоместок по основа на невработеност;
- професионални војници на кои им престанала службата во АРМ;
- поранешни вработени лица во дејноста на енергетиката на кои работниот однос им престанал поради деловни причини;

како и:

- корисници на социјална парична помош, лица со статус деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство, бездомни лица, поранешни корисници на дрога, родители на деца на улица, самохрани родители, родители со 4 и повеќе малолетни деца, лица под супсидијарна заштита, собирачи на ПЕТ отпадоци, Роми, млади брачни двојки со или без деца до 45 годишна возраст, возрасни лица од 50 до 59 години, осудено лице по отпуштање од казнено поправна установа.

Во текот на извештајниот период изработени беа Оперативни упатства за проектот кој има за цел детално да ги опише методологијата, активностите и чекорите што МТСП, АВРМ, АППРМ и УНДП заеднички ќе ги преземат за операционализирање на активната мерка.

Програмата се реализираше преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста.

На двата јавни огласи до невработените лица, интерес пројавија 3671 евидентирани невработени лица, од кои конечно беа избрани и финансиски поддржани 930 (558+372) кандидати.

При аплицирањето истовремено се вршеше самоселекција на кандидатите во однос на способноста за водење на самостоен бизнис, со помош на софтверски прашалник за распознавање на претприемничките афинитети кај кандидатите.

Бројот на избрани кандидати по пополнување на прашалникот по центри за вработување, се изврши според бројот на евидентирани невработени лица во центарот за вработување, успешноста на мерката во претходните години и бројот на поднесени барања.

По завршената „Обука од идеја до бизнис“ и изработката на бизнис план, избраните кандидати регистрираа фирма, се самовработија, потпишаа договор за набавка на опрема и/или материјали и согласно договорот финансиски беа поддржани за набавка на опрема и/или материјали.

Кандидатите кои со мерката го формализираа својот бизнис, самостојно ги изработија своите бизнис плановите, додека бизнис плановите на кандидатите кои претходно не вршеле никаква дејност од својот бизнис, беа изработени со помош на консултанти ангажирани преку АППРМ.

Експертската комисија за оценка на бизнис планови (ЕКОБП) согласно критериумите наведени и усвоени со Оперативните упатства, изврши конечна оценка на Бизнис плановите и изработи ранг-листа врз основа на која Селекционата комисија изврши конечен избор на бизнис плановите кои финансиски ќе бидат поддржани.

За реализација на секое самовработување беше дадена поддршка со неповратни средства во висина од 201.897,00 денари, од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 16.897,00 денари беа за поддршка во вид на основна обука за водење бизнис, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

За лицата за коишто во процесот на аплицирање се утврди дека не е потребна обука и ваучер систем за изработка на бизнис план, беше дадена поддршка со неповратни средства во висина од 189.600,00 денари, од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали и 4.600,00 денари за регистрација на бизнисот и за обука со советување за бизнис и претприемништво.

За целокупната реализација на мерката беа предвидени и потрошени вкупно 194.600.000,00 денари.

### 5.2.2. Финансиска поддршка на правни субјекти (мали и средни претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места

Цел на програмата е отворање на нови работни места, како и стимулирање на побарувачката на работна сила на пазарот на трудот и намалување на невработеноста.

Програмата се реализира преку обезбедување на дополнителна поддршка во вид на материјали и/или опрема за отворање на нови работни места во мали и средни претпријатија и кај занаетчии, регистрирани најмалку 1 година сметано до денот на објавување на јавниот повик и кои на денот на пријавувањето не се во стечајна постапка и ликвидација, кои ги имаат измирено сите обврски по основа на даноци и придонеси, имаат остварено добивка во 2012 година и кои не го намалиле бројот на вработените лица 6 (шест) месеци пред објавување на Јавниот оглас со исклучок на природен одлив.

За реализација на Програмата беше овозможена поддршка со неповратни средства во вид на опрема и/или материјали во висина од 92.000,00 денари за секое новоотворено работно место, но не повеќе од 5 работни места (максимум 460.000,00 денари), при што се земаа превид и

евентуалните вработувања остварени во претходните календарски години, согласно со програмите кои обезбедуваат поддршка за дополнителни вработувања во фирми. Работодавачот кој вработи лица согласно со оваа програма, има обврска да ги задржи на работа најмалку 12 месеци од денот на засновањето на работниот однос или на нивно место да вработи друго невработено лице регистрирано во евиденцијата на АВРМ. Во спротивно треба да ги врати средствата обезбедени во вид на опрема и/или материјали, во паричен износ сразмерно со времетраењето на вработувањето.

На 04.03.2013 година беше објавен јавен оглас до работодавачите. До 18.03.2013 година поднесоа барање 183 работодавачи за вработување на 338 невработени лица.

По извршената селекција врз основа на претходно утврдени критериуми, беа избрани 57 фирми, потпишан е договор за вработување на 109 невработени лица од кои конечно се вработени на неопределено време 100 невработени лица при што за набавка на опрема и/или материјали беа потрошени 9.200.000 денари.

### 5.2.3 Субвенционирање на вработување

Цел на оваа активност беше да обезбеди стимулирање на побарувачката на работна сила и вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, преку обезбедување на финансиска поддршка за работодавачите.

Планирано беше да се вработат вкупно 746 невработени лица, од кои до 80 лица од ранливите групи кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, за што беа обезбедени средства во износ од 53.725.000,00 денари.

Финансиската поддршка се состоеше во бруто плата во износ од 13.000,00 денари месечно за период од 6 месеци за секое вработено лице, со обврска на работодавачот овие лица да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци) или на негово место да вработи друго невработено лице од евиденцијата на невработени лица на АВРМ. Во спротивно, работодавачот треба да ги врати финансиските средства. Престанокот на работниот однос на субвенционираното лице не може да биде по основа на деловни причини (технолошки вишок).

Износот на финансиската поддршка за ранливите групи изнесува 17.000,00 денари, од кои 3.000,00 денари по лице месечно на работодавачот, како партиципација за трошоците за прилагодување на лицето во работниот процес.

Финансиските средства беа трансферирани на сметка на работодавачот со обврска истиот да пресметува и исплатува плата (нето плата и законски пропишани придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход), најмалку во износ на обезбедените средства. Работодавачот беше должен да доставува месечен доказ за исплата на плати до АВРМ - центар за вработување за лицата за кои прима субвенции.

На објавените јавни огласи до заинтересираните невработени лица и до работодавачите, интерес пројавија 2989 невработени лица и 1491 работодавачи за вработување на 2442 лица со субвенционирање. По посредувањето, се реализираа вкупно 638 вработувања со субвенционирање, при што беа исплатени средства во износ од 47.839.749,00 денари.

### *5.2.3.1 Субвенционирање на вработување на невработени лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа*

Цел на оваа мерка беше да обезбеди стимулирање на побарувачката на работна сила и вработување на невработени лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа.

Планирано беше да се вработат вкупно 20 невработени лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа, за што беа обезбедени средства во износ од 2.480.000,00 денари.

За поддршка за вработување на невработени лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа беше предвидено стимулирање на работодавачите преку обезбедување на плата во висина на минималната плата утврдена согласно со Законот за минимална плата на Република Македонија, и тоа:

- 100% во првите 12 месеци.
- 100% од износот на минимална плата во нето износ и 50% од придонесите за задолжително социјално осигурување пресметани на минимална плата, во следните 12 месеци (втората година).

За периодот од првите 2 години работодавачот има обврска овие лица да ги задржи на работа или на негово место да вработи друго невработено лице- кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа, во спротивно, работодавачот има обврска да ги врати финансиските средства. Прекинот на работниот однос на субвенционираното лице, кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа,дете без родител, не може да биде по основа на деловни причини (технолошки вишок).

Финансиските средства беа трансферирани на сметка на работодавачот со обврска истиот да пресметува и исплатува плата (нето плата и законски пропишани придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход), најмалку во износ на обезбедените средства. Работодавачот беше должен да доставува месечен доказ за исплата на плати до АВРМ - центар за вработување за лицата за кои прима субвенции.

На објавените јавни огласи до заинтересираните невработени лица и до работодавачите, интерес пројавија 30 невработени лица и 22 работодавачи за вработување на 43 лица со субвенционирање. По посредувањето, се реализираа вкупно 5 вработувања со субвенционирање, при што беа исплатени средства во износ од 329.164,00 денари.

### 5.2.4 Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште

Целта на Програмата е поттикнување на нови вработувања на примателите на социјална помош евидентирани како невработени лица и нивна социјална вклученост

Програмата се реализира со доделување на државно земјоделско земјиште на плодоуживатели, на лица кои се корисници на социјална помош. На корисниците им се исплаќа и паричен надоместок во висина на социјалната парична помош и им се обезбедува и социјално осигурување. Корисниците се регистрирани како индивидуални земјоделци на кои земјоделието им е основна дејност

Согласно измените на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2013 година, на евидентираните невработени лица - корисници на социјална помош и

плодоуживатели на државно земјоделско земјиште им се обезбедува 100% од месечниот износ на социјална парична помош (паричен надоместок) и социјално осигурување во период од 24 месеци.

Корисниците плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, се регистрираат како индивидуални земјоделци на кои земјоделието им е основна дејност (преку Фондот на ПИОМ). По извршената регистрација, им престанува правото на користење на социјална парична помош, согласно со Законот за социјална заштита.

Во текот на 2013 година, 16 плодоуживатели (индивидуални земјоделци) склучија договори со АВРМ за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, а исплатени се вкупно 305.895,00 денари.

### 5.2.5. Програми за подготовка за вработување

#### *5.2.5.1 Обука кај познат работодавач*

Целта на оваа мерка е на евидентираните невработени лица да им се обезбеди определено ниво на знаења и вештини за работодавач, кој има утврдено определени потреби за работни места. Со обуката се овозможува стекнување и дополнување на знаењата на евидентираните невработени лица заради нивно полесно вработување.

Подготовка за вработување се врши доколку во евиденцијата за невработени нема такви профили на невработени лица. Со обуката се опфатени невработени лица од 25-49 години. Приоритет имаа лицата со основно и гимназиско образование, при што работодавачот не може да врши повеќе од една подготовка за вработување за исто лице, за исто занимање, за иста дејност. Опфатот на корисници за ова мерка е 408 невработени лица. За имплементација на оваа мерка беа предвидени вкупно 9.252.500,00 денари.

Подготовката за вработување трае до три месеци, со обврска работодавачот да вработи најмалку 50% од вклучените лица во обуката, да не го намали бројот на вкупно вработените лица со полно работно време во рок од 6 месеци, и да доставува до АВРМ месечни евидентни листи за редовност. Висината на паричните средства за невработено лице вклучено во подготовката изнесува 5.700,00 денари месечно, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. На работодавачот, за време на обуката му се исплаќаат средства за менторство и материјални трошоци месечно, во износ од:

- 4.000,00 денари за ангажирање од 1 до 3 лица;
- 7.400,00 денари за ангажирање од 4 до 6 лица;
- 13.600,00 денари за ангажирање од 7 до 10 лица;
- 18.000,00 денари за ангажирање од 11 до 15 лица;
- 21.600,00 денари за ангажирање од 16-20 лица и
- 25.000,00 денари за ангажирање над 20 лица.

На објавените 3 јавни огласи вкупно се пријавија 114 фирми (работодавачи) за обука на 561 лице. Вкупно 234 невработени лица склучија договор за обука со работодавачите, кои беа одобрени од страна на Надзорниот одбор, согласно условите и критериумите од Оперативниот план.

Вкупно 4.859.757,00 денари потрошени за обука до крајот на месец декември 2013 година.

### *5.2.5.2 Обука кај познат работодавач со субвенционирање*

Целта на оваа мерка е на евидентираните невработени лица да им се обезбеди определено ниво на знаења и вештини за работодавач, кој има утврдено определени потреби за работни места и вработување. Со обуката се овозможува стекнување и дополнување на знаењата на евидентираните невработени лица и финансиска поддршка за вработување.

Подготовка за вработување со субвенционирање, се врши доколку во евиденцијата за невработени нема такви профили на невработени лица. Опфатот на корисници за ова мерка е 120 невработени лица. За имплементација на оваа мерка беа предвидени вкупно 6.732.000,00 денари.

Со обуката се опфатени невработени лица:

- Од 50-59 години
- Млади лица до 29 години со максимум средно образование
- Помали етнички заедници со посебен осврт на Ромите
- Лица-корисници на социјална помош
- Долгорочно евидентирани невработени лица

Подготовката за вработување трае до три месеци, со обврска работодавачот да вработи најмалку 50% од вклучените лица во обуката. Висината на паричните средства за невработеното лице, односно работникот вклучен во подготовката за време на обуката изнесува 5.700,00 денари месечно, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

По завршување на обуката, за вработените лица се обезбедува субвенција преку финансиска поддршка за секое вработено лице во бруто плата во износ од 13.000,00 денари месечно, во период од 3 месеци, со обврска работодавачот овие лица да ги задржи на работа во наредните 12 месеци по истекот на периодот на субвенција и да не го намали бројот на вработените на неопределено време во рок од 1 година.

На објавениот јавен оглас, барање поднесоа 68 фирми за обука на вкупно 420 лица. Договори за обука со субвенционирање склучиле вкупно 122 невработени лица со работодавачи кои беа одобрени од страна на Надзорниот одбор, согласно условите и критериумите од Оперативниот план, од кои 81 се вработиле.

За реализација на оваа мерка беа потрошени 5.094.043,00 денари.

### *5.2.5.3 Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот*

Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработени лица со стекнување на вештини од побарувани занимања, согласно со искажаните потреби за работна сила. Обуките се реализираа според одобрени и верификувани програми за обука од МОН, по претходно добиено позитивно стручно мислење од ЦСОО за установи и/ или според верификувани посебни програми за образование на возрасни од ЦОВ. Лицата кои успешно ја завршија обуката, се стекнаа со сертификат/уверение издаден од верификуван/ лиценциран изведувач на обука.

На лицата кои беа вклучени во обуките, за деновите на обука им се обезбеди надомест за покривање на трошоците за храна и превоз во висина од 6.200,00 ден месечно по лице (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално

заболување), а на провајдерите им се исплатија средства во висина од 30.000,00 денари по едно лице вклучено во обука.

Обуките се реализираа во период од 4 месеци и тоа 2 месеци во установи и/или институции, а потоа 2 месеци практична работа во реални услови кај работодавачи.

По завршената обука и положен испит, невработеното лице се стекна со соодветен документ за реализираната обука.

На јавниот оглас се пријавија 529 лица за 25 обуки. По селекцијата на провајдерите и лицата, обуките почнаа со реализација во предвидениот рок, во 12 градови. Се спроведоа вкуно 24 обуки од страна на 23 обучувачи, од кои 20 средни стручни училишта и 3 приватни провајдери. Ценрите за вработување потпишаа договори со 250 лица, за следните занимања: во Битола - електроинсталатер и електромонтер за станбени објекти, инсталатер и монтер на водоводна и гасоводна инсталација и помошник козметичар; Велес - монтажер на метални конструкции и производи; Крушево -келнер – гастроном; Кавадарци - изработувач и монтажер на плочест мебел; Кочани - изработувач на браварски производи; Куманово - електроинсталатер и електромонтер за станбени објекти, составувач на горни делови на обувки и помошник козметичар; Охрид - сервисер на мехатронички системи и готвач во угостителски објекти; Прилеп - електроинсталатер и електромонтер за индустриски објекти, изработувач на бели печива и фризер за жени; Скопје - сервисер на мехатронички системи, готвач во угостителски објекти, фризер за жени, произведувач на сушено овошје, зеленчук и билки и сервисер на клима уреди во моторни возила; Струмица - електроинсталатер и електромонтер за станбени објекти и готвач во угостителски објекти; Тетово – келнер/гастроном и во Штип - електроинсталатер и електромонтер за станбени објекти.

Обуката успешно ја заврши 230 лица (92%), а потоа се спроведе проверка на знаењата од страна на формираните комисии, каде 228 лица положија и се стекнаа со соодветен документ, а 2 лица кои не полагаа добија уверение за посетена обука.

За реализација на оваа мерка, се исплатија вкупно 13.242.600,00 денари.

### *5.2.5.4 Обука за напредни ИТ вештини*

Мерката има за цел надградба на вештините од областа на информациските технологии на евидентираните невработени лица, заради зголемување на нивната вработливост и конкурентност на пазарот на трудот. Предвидениот опфат на корисници беше 50 лица, за следните програмски пакети:

- Графички дизајнер и
- Java web developer

Обуките беше предвидено да се реализираат во Скопје и во други градови, во зависност од обезбедените услови за обука и пројавениот интерес на невработените кандидати за учество во мерката.

Се иницираа неколку состаноци со претставници на МТСП, МИОЈА и АВРМ на кои се дискутиташе за резултатите од имплементацијата на мерката во минатите години, процесот на имплементација, се проценуваше потребата и оправданоста за редизајнирање на истата, целисходноста (за што се обезбедија и дополнителни информации од УЈП со цел да се согледаат ефектите од оправданоста на истата), а покрај тоа обезбедени беа и податоци за видот на

програмските пакети за кои постои најголем интерес од страна на работодавачите. Како резултат на наведените активности, МТСП во текот на месец мај 2013 година, изготви Информација за можноста за редизајнирање и целисходноста на мерката.

Согласно предвидените средства за имплементирање на оваа мерка, а со цел да се запази предвидениот опфат на корисници, беше одлучено најдобрите 15 кандидати да ги следат обуките за Java web developer, а 35 кандидати да ги следат обуките за Графички дизајнер.

Беше објавен јавен оглас за избор на лиценцирани ИТ обучувачки центри, како за невработените лица. Пријави за учество пополниле вкупно 189 евидентирани невработени лица, од кои 109 лица се пријавиле за учество во обуките за Графички дизајнер и 80 евидентирани невработени лица за обуките за Java web developer.

По извршеното тестирање на пријавениоте кандидати, врз основа на освоените поени се формираа групи кои ќе продолжат да ја следат обуката.

Во втората половина од месец ноември 2013 година започна изведувањето на наставата и истата е предвидено да трае до првиот квартал од 2014 година, по што ќе следува полагање на завршниот испит и сертифицирање на успешно положените кандидати.

За реализација на оваа мерка, потрошени се 3.701.240,00 денари.

### *5.2.5.5 Програма за практикантство како прво работно искуство до вработување*

Целта на оваа програма е зголемување на вработливоста кај млади невработени лица, со што превентивно се делува и се овозможува подготвени да се вклучат на пазарот на трудот.

Со оваа мерка беше планирано да бидат опфатени млади невработени лица до 29 годишна возраст, а приоритет имаа лицата со завршен четврти степен средно образование и високо образование, преку нивно вклучување во програми за практиканство за период од три месеци.

За спроведување на оваа програма, се исплаќаа по 6.200,00 денари за лице месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Програмата не вклучува работодавачи од државни, јавни институции, единиците на локална самоуправа и Градот Скопје, невладини организации и здруженија на граѓани. Право на учество имаа работодавачи кои имаат вработено најмалку едно лице.

На објавените 3 јавни огласи, аплицираа вкупно 844 невработени лица и 542 работодавачи кои побаруваат 1192 практиканти. Беа склучени вкупно 222 договори за практиканство со работодавачи кои беа одобрени од страна на Надзорниот одбор согласно условите и критериумите од Оперативниот план.

Вкупно 4.081.317.,00 денари беа потрошени до крајот на месец декември 2013 година.

### *5.2.5.6 Едукација за започнување на бизнис*

Целта на мерката беше натамошно јакнење на капацитетите на евидентираните невработени лица, преку нивна обука и едукација за започнување на бизнис.

Во обуката беа вклучени евидентираните невработени лица со цел да се стекнат со одредени знаења и вештини за започнување на сопствен бизнис.

Обуката се однесуваше на прашања поврзани со реализација на бизнис идеја, подготовка на бизнис план, пристап до информаци за водење на бизнис план, извори на финансирање,

постапка за регистрација на фирма, законска легислатива и слично. Обуката е спроведувана од страна на вработените од Центрите за вработување.

Во оваа активност беа вклучени вкупно 970 лица, од кои 415 лица се жени.

За оваа мерка не се предвидени посебни парични средства.

### 5.2.6 Анкета за слободни работни места

Целта на оваа мерка е обезбедување на информации за потребите од работна сила на пазарот на трудот. За спроведување на анкетата беа планирани 26 евидентирани невработени лица со средно и високо образование, кои врз основа на претходно подготвен прашалник преку “мини контакт-центар” анкетираа работодавачи за нивните потреби од работна сила. За спроведување на оваа мерка се исплаќаа по 6.200,00 денари за лице во период од еден месец, со вклучен персонален данок на доход, односно беа планирани вкупно 161.200,00 денари.

На објавениот јавен повик се пријавија вкупно 91 лице, од кои 19 лица ја спроведоа анкетата.

Во 2013 година беа предвидени да се анкетираат 1368 фирми од приватниот сектор, а успешно беа анкетирани 1242 фирми со 7 и повеќе вработени, односно 98% од предвидените фирми за анкетирање (според методологијата се смета дека над 70% е успешно спроведена)

## 5.3 КРЕДИТИ

### 5.3.1 Проект за самовработување со кредитирање

Проектот за самовработување со кредитирање е проект на Владата на Република Македонија. Цел на проектот е на заинтересираните невработени лица кои сакаат да започнат сопствен бизнис или да го легализираат својот неформален бизнис да им се овозможи поволен кредит со што ќе се отворат нови работни места со цел самовработување.

Корисници на кредит може да бидат евидентирани невработени лица без оглед на времетраењето на невработеноста, односно активни баратели на работа кои се на евиденција 1 ден пред објавување на јавниот оглас.

За дејности од помал обем се доделуваат по 3.000 евра (во денарска противвредност), за секое новоотворено работно место при што се финансираат проекти со најмногу 3 работни места односно до 9.000 евра (во денарска противвредност).

За дејности од поголем обем се доделуваат по 5.000 евра (во денарска противвредност), за секое новоотворено работно место при што се финансираат проекти со најмногу 5 работни места односно до 17.000 евра (во денарска противвредност).

Рок на враќање на средствата е 3 години со вклучен грејс период од 1 година за кредит до 9.000 евра, односно 5 години со вклучен грејс период од 1 година за кредит над 9.000 евра. Дополнителни стимулативни средства до 1.000 евра за лица кои се невработени по основ на технолошки вишок, стечај или ликвидација што имаат користено паричен надоместок најмалку 6 месеци и се невработени повеќе од 3 години.

АВРМ во 2013 година во девет наврати објави јавен оглас до невработените лица. На огласите поднеле барање вкупно 1062 лица. Од страна на Управниот Одбор на Проектот одобрени

се барањата на вкупно 475 кредитобаратели за вработување на 558 лица, со напомена дека барањата поднесени на последниот (деветти јавен оглас) сеуште не се разгледани на Управниот Одбор на Проектот. Од барањата кои се одобрени, склучени се договори досега со вкупно 455 лица. За дел од лицата кои склучиле договори за кредит, во тек е исплата на кредитите од страна на деловните банки (НЛБ Тутунска Банка АД Скопје и Охридска Банка АД Охрид).

Во 2012 година, Агенцијата за вработување на РМ во четири наврати објави јавен оглас до невработените лица. На огласите поднеле барање вкупно 971 лице. Склучени се договори со вкупно 361 лице од кои 138 договори се склучени во 2013 година (до 31.12.2013).

Сумирајќи ги погоренаведените податоци од 01.01-31.12.2013 (вкупно за 2012 и 2013 година) склучени се вкупно 593 договори (138+455).

### 5.3.2 Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места

АВРМ во 2013 година во девет наврати објави јавен оглас до правните субјекти. На огласите поднеле барање вкупно 542 правни субјекти, со кои се склучени договори.

Во 2012 година, АВРМ во четири наврати објави јавен оглас до правните субјекти. На огласите поднеле барање вкупно 157 правни субјекти. Склучени се договори со вкупно 542 правни субјекти од кои 385 договори се склучени во 2013 година (до 31.12.2013).

Сумирајќи ги погоренаведените податоци од 01.01-31.12.2013 (вкупно за 2012 и 2013 година) склучени се вкупно 542 договори (157+385).

## 5.4 ПОСЕБЕН ФОНД

Посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица се уредени со Законот за вработување на инвалидни лица, додека условите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд се пропишани со Правилникот за критериуми и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица.

Со овој вид на активна мерка се стимулира одржливоста на вработеноста на инвалидните лица, како и поттикнување на работодавачите да го зголемуваат бројот на вработувања на оваа категорија невработени лица.

Во рамки на расположливите финансиски средства од Посебниот фонд, се доделуваат неповратни средства за:

- Вработување на инвалидно лице на неопределено време;
- Адаптација на работно место;
- Набавка на опрема;
- Работно оспособување на инвалидни лица заради вработување.

| Посебен фонд | Број на поднесени барања | | Одобрени во периодот за известување | | Одбиени барања |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на работодавачи | Број на инвалидни лица | Број на работодавачи | Број на инвалидни лица | |
| Барање за неповратни средства за вработување на инвалидни лица | 160 | 275 | 153 | 219 | 57 за 79 лица |
| Барање за адаптација на работно место | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| Барање за набавка на опрема | 54 | | 57 | | 7 |
| Барање за работно оспособување на вработени и невработени инвалидни лица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | 214 | 275 | 210 | 219 | 70 |

Донесувањето на Решенија за доделување на средства од Посебниот фонд е во надлежност на Управниот одбор на АВРМ. Против решението на Управниот одбор, може да се изјави жалба до Министерството за труд и социјална политика во рок од осум дена од денот на добивање на решението.

# 6. ПРОЕКТИ

Во текот на 2013 година АВРМ беше вклучена во спроведувањето на Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, ИПА-Инструментот за претпристапна помош. Се спроведуваа активности во рамките на компонентата 4 во делот што се однесува на вработувањето.

Целта на компонентата за развој на човечки ресурси е да и помогне на земјата во развојот и јакнењето на административниот капацитет за управување, имплементација, следење и контрола на средствата од Европскиот социјален фонд (ЕСФ).

Во 2013 година, АВРМ ги имплементираше следните проекти:

<u>ЕУ Проект „Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување"</u>

Овој Проект, финансиран од Европската Унија во рамките на ИПА компонента 4 имаше за цел понатамошна модернизација на АВРМ и нејзината подготовка да одговори на барањата поврзани со пристапувањето кон ЕУ на полето на европската политика за вработување. Специфични цели на проектот беа да се подобри квалитетот, ефикасноста и ефективноста на услугите што АВРМ ги дава на лицата кои бараат работа и на работодавачите, со цел да се намали невработеноста и да се спречи луѓето кои се во работен однос да станат невработени.

Целна група беа вработените во АВРМ.

Компоненти на проектот:

- Развој на процес на организациски менаџмент
- Имплементација на промена на организацискиот менаџмент заради поддршка на АВРМ во имплементацијата на активните мерки на пазарот на трудот.

Активностите на проектот беа насочени кон подобрување на следните подрачја:

- Поедноставување и рационализација на процедурите;
- Давање услуги на невработените лица и на работодавачите;
- Внатрешна комуникација и управување со знаење;
- Планирање, мониторинг и известување и
- Човечки ресурси.

Во рамки на проектот беше изработен Проект за управување со организациски промени и План за имплементација на промени врз основа на кој се реализираа предвидените проектни активности. Исто така, изготвен е План за обуки на вработените во АВРМ. Во соработка со вработените од Агенцијата, Проектниот тим ги спроведе следниве активности:

- Сеопфатна анализа на постоечката организација на работата, тековната дејност, капацитетот и начинот на изведба на работите;
- Студиска посета во месец септември во Португалската јавна служба за вработување, Институтот за вработување и стручна обука за 16 учесници од АВРМ;
- Направена е проценка на потребите за обука на вработените во АВРМ и изготвен е План за обука
- Изработен е Методолошки водич за работа на центрите за вработување, како и голем број документи и упатства за работењето на АВРМ.
- Направена е проценка на ИТ и физичките капацитети на АВРМ и 30-те центри за вработување и изготвен е извештај со препораки за понатамошно подобрување на физичките услови и ИТ капацитети, како и други проектни активности.
- Беше спроведено анкетно истражување на задоволството на клиентите (невработените лица и работодавачите) и вработените од работењето на АВРМ.
- Беше изготвен внатрешен портал Интранет, Комуникациска стратегија и Стратегија за управување со знаење и други активности.
- Други проектни активности

Вкупно траење на проектот: 21 месеци (јануари 2012 – октомври 2013)

<u>ЕУ Проект „ Поттикнување на социјална инклузија и инклузивен пазар на труд“</u>

Овој Проект, беше финансиран од Европската Унија во рамките на ИПА компонента 4.

Целта на проектот беше да се подобри ефикасноста и квалитетот на социјалните услуги за да се обезбеди пристап и интеграција на ранливите групи на пазарот на трудот. Активностите на проектот беа насочени кон подобрување на ефикасноста на социјалните услуги во промовирањето на социјалната инклузија кај ранливите групи и зајакнување на соработката помеѓу клучните засегнати страни, центрите за социјална работа и центрите за вработување.

Компоненти на Проектот:

1. Подобрување на стручните знаења и вештини на лицата кои работат на полето на социјално вклучување на маргинализираните групи на пазарот на трудот;
2. Интеграција на лицата со посебни потреби;
3. Подготовка за создавање на заедничка база на податоци.

Покрај АВРМ, во овој Проект беа вклучени Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, единиците на локална самоуправа, невладини организации и др.

Вкупното траење на проектот изнесуваше 20 месеци (19.12.2011 – 18.08.2013).

ЕУ Проект: „Зајакнување на капацитетите за интеграција на маргинализираните жени на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од етничките малцинства“

Проектот имаше за цел зајакнување на капацитетите и меѓусебна соработка на релевантните заинтересирани страни за интеграција на маргинализираните жени на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од етничките малцински заедници. Корисник на проектот беше Министерството за труд и социјална политика.

Активности на проектот:

- Проценка и анализа на моменталната ситуација на вработување на маргинализирани жени, со посебен фокус на жените од етничките малцинства;
- Обука на засегнатите страни за зголемување на своите капацитети за ефикасно справување со интеграцијата на маргинализираните жени на пазарот на труд;
- Развивање на ефективна соработка меѓу релевантните засегнати страни.

Во 2013 година, АВРМ учествуваше во вршењето на проценка и анализа на моменталната ситуација на вработување на маргинализирани жени, утврдувањето на потребите за обука на институциите кои работат со оваа целна група и др.

Вкупно траење на проектот: 15 месеци (септември 2012 - декември 2013 година)

УСАИД Проект „Младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување”

Целта на Проектот е младите лица да се стекнат со соодветни вештини кои ќе им овозможат да учествуваат во современата економија. Програмата е насочена кон ученици на последната година од средните стручни училишта, невработени лица кои се пријавени во АВРМ и други млади луѓе кои не се вклучени во образовниот процес, на возраст од 15 до 27 години.

Проектот ги содржи следните компоненти:

1. Градење на јавно-приватен дијалог за подобро усогласување на вештините кои се бараат на пазарот на труд со оние кои се развиваат во училиштата
2. Подобрување на понудата на идни работници, преку креирање мрежи на услуги за кариера

Во рамките на проектот, со учество на вработените од АВРМ, подготвена е и се реализира „Програма за подготовка за вработување и за работа“. Во 2013 година во 7 центри за вработување (Струмица, Битола, Тетово, Штип, Гостивар и Прилеп и Скопје) се реализираа вкупно 36 обуки според оваа програма, во кои беа вклучени, вкупно 617 млади невработени лица За одржување на овие обуки со невработените лица, во рамките на проектот беа обучени вкупно 42 вработени од АВРМ, од кои 18 во 2013 година. Обуката треба да придонесе кон зајакнувањето на невработените лица кои активно бараат работа со вештини, релевантни за потребите на работодавачите, со што ќе се олесни нивната побрза и поуспешна интеграција на пазарот на трудот. Од невработените лица кои ја посетувале оваа обука 53 лица учествувале во програма за практикантство и 201 лице се вработило.

За успешно спроведување на обуките подобрени се условите во работните клубови. По опремувањето на работните клубови во центрите за вработување Струмица, Битола и Тетово, Гостивар, Прилеп и Штип во 2013 година во проектот беше вклучен и Центарот за вработување на град Скопје. Сите работни клубови од овие центри за вработување беа реновирани и дополнително опремени со нов мебел, опрема и материјали за работа со невработените лица.

Во рамките на Проектот, АВРМ беше вклучена и во други активности како што се учество во работата на економско социјалните совети на локално ниво. Исто така Проектот има значаен придонес во зајакнувањето на капацитетите на човечките ресурси на АВРМ, низ организација на повеќе видови обуки за вработените.

Траење на проектот: 5 години (30.09.2010 – 29.09.2015)

АВРМ заедно со други институции, учествуваше и во реализацијата на следните програми и проекти:

- Програма за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и ГИП Интернационал, Министерството за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог на Франција
- Декада за вклучување на Ромите 2005-2015 година
- и други проекти.

Одделението за ИПА фондови и проекти во текот на 2013 година со Министерството за труд и социјална политика континуирано учествуваше во планирањето и подготовка на документи за следните проекти кои ќе се спроведуваат во наредниот период:

- ЕУ Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)"
- ЕУ Проект „Поддршка на Агенцијата за вработување за имплементација на активни мерки и услуги на пазарот на трудот" (твининг проект, модернизација и адаптација на центрите за вработување и набавка на опрема за центрите за вработување)
- ЕУ Проект „Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на законодавството на полето на слободно движење на работници"

Во 2013 година АВРМ ги реализираше планираните активности, дефинирани како приоритети во Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија. Исто така беше вклучена и во подготовката на Претпристапна економска програма и други документи.

# 7. РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

## 6.1 АКТИВНОСТИ ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Раководењето со АВРМ е во надлежност на Директорот, кој го именува Владата на Република Македонија, на предлог на Министерот за труд и социјална политика. Директорот има заменик. Канцеларијата на Директорот, во рамките на своите работни задачи се грижеше за работите поврзани со коресподенцијата на Директорот, неговите деловни состаноци, организирање на службените патувања на Директорот и Заменикот на директорот, комуникацијата меѓу Директорот и вработените во централната служба и центрите за вработување, како и со другите државни органи и институции. Понатаму, вработените во Канцеларијата на Директорот беа задолжени за навремено подготвување на седниците на Управниот одбор, како и за изготвување на записниците и актите од одржаните седници.

## 6.2 АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Со работата на АВРМ управува Управен одбор, што го сочинуваат 9 члена, од кои 5 члена номинира Владата на Република Македонија, а по 2 претставника номинираат Организацијата на работодавачи и Синдикалните организации. Во текот на извештајниот период, Управниот одбор одржа 11 седници, на кои беа разгледани 47 точки на дневен ред и притоа беа донесени вкупно 14 Одлуки, 14 Правилници, 1 План, 5 Упатства и 4 Заклучоци.

Како првостепен орган што одлучува по барањата за доделување на средства од Посебниот фонд за вработување и работење на инвалидни лица, членовите на Управниот одбор вршеа непосреден увид во просториите на подносителите на барањата и известуваа на седниците на кои по истите се одлучуваше.

Управниот одбор ја следеше реализацијата на годишниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување, при што соработката со Директорот и со стручната служба на АВРМ беше на завидно ниво.

# 8. РАБОТНИ УСЛОВИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## 7.1 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Финансиските показатели на АВРМ за периодот јануари - декември 2013 година се следните:

### *001 - ПРИХОДИ*

Вкупните приходи на АВРМ во периодот јануари - декември 2013 година изнесуваат 2.623.502.254,00 денари. Во однос на истиот период од 2012 година бележат намалување од 14,4 % или за 441.796.411,00 денари.

По извори приходите изнесуваат:

(во денари)

| | јануари-декември 2012 | | јануари-декември 2013 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структура | Износ | Структура | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **I. Приходи од придонес за вработување** | **1.746.156.985,00** | **56,97%** | **1.802.354.473,00** | **68,7%** | **103,2** |
| 1.Приходи од прид.за враб.од плати на работн.од правни лица | 1.620.156.369,00 | 52,85% | 1.674.461.721,00 | 63,83% | 103,4 |
| 2.Приход.од прид.за враб.од плати на работ.вработ.кај лица кои вршат сам. дејност одн. кај физ. лица | 16.659.940,00 | 0,54% | 17.273.894,00 | 0,66% | 103,7 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.Прих. од прид.за враб.што го уплатуваат раб. на привремена работ. во странство. | | | | | |
| 4.Приходи од придонес за вработување за изминати години | 109.340.676,00 | 3,57% | 110.618.858,00 | 4,22% | 101,2 |
| **II. Други приходи** | **13.218.014,00** | **0,43%** | **16.956.304,00** | **0,65%** | **128,3** |
| **III.Пренесен вишок на приходи** | **156.923.666,50** | **5,12%** | **79.793.278,00** | **3,04%** | **50,8** |
| **IV. Приходи од Буџетот** | **1.149.000.000,00** | **37,48%** | **724.398.199,00** | **27,61%** | **63** |
| 1.Приходи од Буџетот за покривање на дефицитот | 943.000.000,00 | 30,76% | 501.265.803,00 | 19,11% | 53,2 |
| 2. Приходи од Буџетот за активни мерки и политики за вработување | 206.000.000,00 | 6,72% | 223.132.396,00 | 8,51% | 108,3 |
| **Вкупни приходи:** | **3.065.298.665,50** | **100.00%** | **2.623.502.254,00** | **100,00%** | **85,6** |

## *002 - РАСХОДИ*

Во периодот јануари - декември 2013 година расходи на АВРМ изнесуваат 2.460.335.867,00 денари. Во однос на истиот период од 2012 година расходите бележат намалување за 17,6%, или за 525.169.520,00 денари.

Наменски расходите изнесуваат:

*(во денари)*

| | јануари-декември 2012 | | јануари-декември 2013 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | Структ. | Износ | Структ. | (3:1) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| I. Средства за обезбедув.на паричен надоместок и за други права за време на невработеност | 2.756.143.546,00 | 92,32% | 2.217.882.089,00 | 90,15% | 80,5 |
| II. Стоки и услуги | 65.647.894,50 | 2,20% | 71.965.309,00 | 2,93% | 109,6 |
| III. Основни плати, придонеси за социјално осигурување и перс. данок на доход од плата | 159.889.155,00 | 5,35% | 156.294.632,00 | 6,35% | 97,8 |
| IV. Персонален данок на доход од надоместоци | 705.042,00 | 0,02% | 308.480,00 | 0,01% | 43,8 |
| V. Субвенции и трансфери | 1.454.185,50 | 0,05% | 9.619.834,00 | 0,39% | 661,5 |
| VI. Капитални расходи | 1.665.564,50 | 0,06% | 4.265.523,00 | 0,17% | 256,1 |
| **Вкупни расходи:** | **2.985.505.387,50** | **100.00%** | **2.460.335.867,00** | **100,00%** | **82,4** |

## *003 - ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

1. Вкупни приходи ...................................................................... 2.623.502.254,00
2. Вкупни расходи ...................................................................... 2.460.335.867,00
3. Вишок на приходи (1-2) .................................................. 163.166.387,00

Во текот на 2013 година, АВРМ оствари вишок на приходи од 163.166.387,00 денари.
Во текот на 2013 година извршени се исплати за правата на невработените за дванаесет месеци и тоа за декември 2012 година и јануари - ноември 2013 година.

## *004 - ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА АВРМ ЗА 2013 ГОДИНА*

Ако се погледаат планираните и остварените приходи и расходи за 2013 година, ќе се констатира следнава состојба:

### *I. Приходи: 2013 година*

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА (2-1) |
|---|---|---|---|---|
| 1. Приходи од придонесот за вработување | 1.800.000.000,00 | 1.802.354.473,00 | 100,13 | 2.354.473,00 |
| 2. Други приходи | 15.000.000,00 | 16.956.304,00 | 113,04 | 1.956.304,00 |
| 3. Пренесен вишок на приходи | | 79.793.278,00 | | 79.793.278,00 |
| 4. Приходи од Буџетот | 801.933.000,00 | 724.398.199,00 | 90,33 | -77.534.801,00 |
| **ВКУПНО:** | **2.616.933.000,00** | **2.623.502.254,00** | 100,25 | **6.569.254,00** |

Од табелата се гледа дека има остварено повеќе приходи за 0,25% од планираните во 2013 година односно повеќе за 6.569.254,00 денари.

### *II. Расходи: 2013 година*

*(во денари)*

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | % на остварување (2:1) | РАЗЛИКА (2-1) |
|---|---|---|---|---|
| А. Трошоци за функцијата 1. Средства за обезбедување на паричен надоместок и за други права за време на невработеност | 2.353.992.024,00 | 2.217.882.089,00 | 94,22 | -136.109.935,00 |
| Б.Трошоци за стручна служба | 262.940.976,00 | 242.453.778,00 | 92,21 | -20.487.198,00 |
| 1. Стоки и услуги | 81.625.749,00 | 71.965.309,00 | 88,16 | -9.660.440,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. Основни плати, придонеси и персонален данок на доход од плата | 164.500.000,00 | 156.294.632,00 | 95,01 | -8.205.368,00 |
| 3. Персонален данок од доход од надоместоци | 1.000.000,00 | 308.480,00 | 30,85 | -691.520,00 |
| 4. Надоместоци | 500.000,00 | | | -500.000,00 |
| 5.Субвенции и трансфери | 10.015.227,00 | 9.619.834,00 | 96,05 | -395.393,00 |
| 6. Капитални расходи | 5.300.000,00 | 4.265.523,00 | 80,48 | -1.034.477,00 |
| **ВКУПНО:** | **2.616.933.000,00** | **2.460.335.867,00** | **94,02** | **-156.597.133,00** |

Од табелата се гледа дека има за 5,98% помалку остварени расходи од планираните во 2013 година односно помалку за 156.597.133,00 денари.

## 7.2 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

На 31 декември 2013 година во АВРМ има вкупно 492 вработени на неопределено време.

Структура на вработените во АВРМ според степенот на завршено образование:

- ВСП - 287 вработени (58,33%);
- ВШП - 48 вработени ( 9,76%);
- ССП IV - 130 вработени (26,42%);
- ССП III, ВКВ,КВ - 13 вработени (2,64%); и
- НКВ - 14 вработени (2,85%).

Структура на вработените во АВРМ според работите и работните задачи што ги извршуваат:

- Раководни работници - 47 вработени (9,55%);
- Вработени на активни политики - 266 вработени (54,07%);
- Вработени во пасивни политики - 151 вработени (30,69%);
- Помошни работници - 28 вработени (5,69%).

Со цел успешно спроведување на активните мерки за вработување, по потреба, дел од вработените во пасивни политики беа ангажирани со работни задачи од активните политики и мерки за вработување, преку задолженија со дополнителни работни обврски од таа област.

Структура на вработените во АВРМ според пол:

- Мажи - 212 лица (43,09%) и
- Жени - 280 лица (56,91%).

Структура на вработените во АВРМ според национална припадност и застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија:

- Македонци - 377 лица (76,63%); и
- Припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ - 115 лица (23,37%).

Односно:

- Македонци - 377 лица (76,63%);
- Албанци - 82 лица (16,67%);
- Турци - 5 лица (1,02%);
- Роми - 4 лица (0,81%);
- Срби - 6 лица (1,22%);
- Власи - 9 лица (1,83%);
- Бошњаци - 2 лица (0,41%); и
- Останати – 7 лица (1,42%).

Во текот на 2013 година, вкупно 37 лица засновале работен однос на неопределено време во АВРМ, и тоа:

- 10 лица по спроведена постапка по објавен јавен оглас;
- 24 лица со превземање од други државни/јавни органи/институции; и
- 3 лица се вратиле на работа (од мирување) по престанокот на функцијата која ја вршеле.

Притоа, новите вработувања се реализирани согласно Законот за јавните службеници и Законот за работните односи, а по претходно обезбедени средства во Буџетот на АВРМ, односно по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии.

Во текот на 2013 година, на 34 вработени во АВРМ им престана работниот однос и тоа:

- 22 лица поради возраст на работникот, односно исполнување услови за остварување право на старосна пензија;
- 1 лице по основ на стекнување право на инвалидска пензија;
- 5 лица поради спогодбен престанок на работниот однос;
- 2 лица поради отказ од страна на работодавачот;
- 1 лице поради превземање од страна на друг државен/јавен орган/институција;
- 2 лица поради смрт на работникот; и
- 1 лице мирување на работниот однос поради избор/именување на функција.

АВРМ континуирано се грижи за развој, јакнење и надградување на човечките капацитети, односно човечките ресурси, па во таа смисла, во текот на 2013 година, вработените посетуваа разни семинари, обуки, работилници, предавања.

Од аспект на јакнењето и развој на човечките ресурси во АВРМ во текот на 2013 година, од особено значење е реализирањето Планот за обуки во рамките на Проектот ИПА „Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување“.

Во таа смисла, во рамки на горенаведениот План за обуки, беа вклучени 647 учесници ( во зависност од потребите дел од вработени во АВРМ посетуваа повеќе видови обуки). Обуките се однесуваа на различни подрачја од работата на АВРМ: нова методологија за работа на центрите за вработување; советување и кариерно водство, профилирање и индивидуален план за вработување; унапредување на работата со работодавачи; комуникациски вештини ориентирани кон клиентите; користење на податоците од пазарот на трудот. Беа организирани и обуки за Excel и англиски јазик, професионална ориентација/кариерно водство, комуникација, менаџмент, управување со знаење, планирање, мониторинг и известување.

АВРМ и во иднина ќе продолжи со грижата за јакнење на човечките ресурси, преку организирање на вакви и слични обуки, семинари, работилници и слично, во зависност од финансиските можности.

## 7.3 ИТ ПОДДРШКА

Информатичката инфраструктура на АВРМ се состои од околу 500 компјутери организирани во 35 локални компјутерски мрежи во центрите за вработување и централната служба во Скопје, како и истурени канцеларии во некои населени места и општини. Центрите за вработување се поврзани со централната служба во Скопје преку IPVPN технологија, по пат на закупени линии. Постои централен серверски систем сместен во Централната служба, како и по еден локален сервер во сите центри. Системскиот софтвер е Microsoft Windows платформа со Microsoft SQL систем за управување со податоци. Апликативниот софтвер се состои од неколку .Net веб апликации. Секторот за информатика брои 3 вработени во Централната служба и 5 вработени на работни места од информатичка струка во центрите за вработување.

Во текот на 2013 година постигнат е напредок од аспект на комуникациско-организациска и хардверска инфраструктура:

- Направена е надградба на капацитетот на IPVPN линиите во сите центри во Републиката, со што значително е зголемена брзината на одзив на клиентските станици при работа со централно поставените веб апликации.
- Заради отварање на 5 нови канцеларии во Илинден, Јегуновце, Драчево, Градско и Липково, WAN мрежата на АВРМ е проширена со закупени линии за овие места и инсталирана е потребна ИКТ опрема за работа на канцелариите во доменот на АВРМ.
- Направена е надградба на брзината на Интернет конекцијата на 500 Mbps што престставува голем напредок поради тоа што со надградбите на своите услуги за клиентите преку Интернет.
- Обезбедени се службени електронски поштенски сандачиња за сите вработени во АВРМ. Досега само 100 вработени имаа службени сандачиња поради тоа што АВРМ располага со 100 клиентски лиценци за Microsoft Exchange (софтвер за управување со електронска пошта). Новите поштенски сандачиња се обезбедени од страна на операторот преку кој АВРМ обезбедува Интернет и WAN услуги.

Од аспект на апликативен софтвер, извршени се голем број измени во апликативниот софтвер во врска со тековното работење на АВРМ, во насока на подобрување на постојните или додавање на нови функционалности:

- Направени се голем број значајни интервенции во постоечкиот софтвер во модулите за евиденција на невработените лица заради усогласување со измените на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, односно заради воведување на новата евиденција на други лица кои бараат работа, како и за потребите на две пререгистрации на невработените лица кои беа спроведени во текот на 2013 година.
- Направени се голем број значајни интервенции во постоечкиот софтвер во модулите за регистрација на М1/М2 и ППР огласи заради усогласување со измените на Законот за

евиденциите од областа на трудот, како и заради отстранување од употреба на печатените обрасци за М1/М2.

- Направени се интервенции во постоечкиот софтвер за евиденција на активните мерки – прилагодување или додавање на нови форми и други функционалности во сите активни мерки од Оперативниот план за 2013 каде тоа беше потребно.
- Направени се измени на дизајнот и подобрени се некои функционалности на веб страната.
- Додадени се нови прегледи „во живо“ за бројот на евидентираните невработени лица и огласени слободни работни места (ППР) од страна на работодавачите.
- Воспоставен е нов начин на покани за посредување и информирање на невработените лица преку праќање на масовни SMS и e-mail пораки. Со ова се заштедуваат големи финансиски средства.
- Изработени се веб сервиси за потребите на проектот Е-Потсетник на МИОА преку кои се доставуваат податоци од решенијата за дозволи за работа на странци.
- Направени се веб сервиси за потребите на мобилната апликација и веб страна PRV.mk, наменета за млади лица, која е проект на МТСП во соработка со УНДП и ФИНКИ. Со овие веб сервиси се прави трансфер на огласите за слободни работни места (ППР) од системот на АВРМ до базата на податоци на оваа апликација.

## 7.4 ФИЗИЧКИ УСЛОВИ

За физичките услови и капацитети на АВРМ, и во текот на 2013 година Одделението за имотно - правни работи продолжи со активностите од аспект на регулирање на правниот статус на недвижностите - објектите, така што во постапките согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, беа обезбедени имотни листови за центрите за вработување Битола Дебар и Прилеп, додека за останатите центри за вработување постапките се во тек, при што за објектите на Центрите за вработување Охрид, Струмица и Крушево беа изработени геодетските елаборати.

Кон крајот на 2013 година профункционираа дисперзираните канцеларии на АВРМ за општините Македонска Каменица, Пехчево, Демир Капија, Градско, Ростуше, Липково, Јегуновце и Лозово и кои просторно главно се сместени во зградите на општините.

Инаку, во однос на подобрување на физичките услови и капацитети на АВРМ беа превземани помали интервенци меѓу кои и инсталирање на нови системи за греење во неколку Центри за вработување.

Како новина во техничката опременост за поголемата функционалност при непосредното работење со странки во АВРМ, во Центарот за вработување на град Скопје е воведен електронскиот систем за прием на странки.

Дел од недвижните и движните ствари кои АВРМ не ги користи и нема потреба од истите (просторија во Хотел Липа во Прилеп и камп - приколките во Охрид и Струга) беа отстапени на други државни органи и установи.

Во текот на 2013 година беа вршени и други тековни активности од областа на имотно-правните прашања во АВРМ.

## 7.5 ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

Во областа на внатрешната ревизија, се реализираа следните активности:

- Изготвен е стратешки план 2014-2016 година и Годишен план за 2014 година за секторот за внатрешна ревизија и е доставен до Министерството за финансии на РМ
- Извршена е редовна ревизија на наменското користење на доделените неповратни средства од Посебниот фонд како и вонредни ревизии на регуларноста на процесот на пријавување на работен однос цо Центарот за вработување Охрид, ревизија на регуларноста за процесот на пријавување на работен однос во Центарот за вработување Крива Паланка, ревизија на наменското користење на доделените парични средства од Посебниот фонд на фирмата Дрво Монт – Прилеп, ревизија во Центарот за вработување Прилеп на барање - предмет за остварување на правото на паричен надоместок, ревизија на решение за остварување на правото на паричен надомсеток во Центарот за вработување на град Скопје.
- Изготвен и доставен Извештај за извршени ревизии и активности на внатрешната ревизија за 2012 година до Министреството за финансии.

## 7.6 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, ЛОКАЛНА И ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во 2013 година, АВРМ посвети големо внимание на информирање на своите клиенти преку средствата за јавно информирање и на својата веб-страна. Информациите главно се однесуваа на активни програми и мерки за вработување кои се имплементираа заради зголемување на интересот кај публиката, услугите што АВРМ за вработување континуирано ги дава, појаснувања во врска со измените на законската регулатива и други прашања кои се од надлежност на работењето на АВРМ. На сите прашања добиени од страна на новинарски и медиумски куќи, заинтересирани правни или физички лица навремено и стручно се одговараше.

Изминатата година се издвојува активноста Отворени денови со Агенцијата за вработување, при што Директорот на АВРМ, заменикот на директорот и тимови од централната служба присуствуваа на средби со заинтересираните невработени лица и работодавачи во просториите на работните клубови во центрите за вработување и дисперзираните канцеларии, при што одговараа на сите прашања од нивен интерес. Оваа активност продолжи и во 2014 година.

Во своето функционирање, АВРМ имаше плодна соработка со повеќе министерства и други органи и институции, меѓу кои особено се вбројуваат Министерството за труд и социјална политика, Централниот регистар на Македонија, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Државниот завод за статистика и други релевантни институции.

Во областа на меѓународната соработка, во 2013 година се истакнуваат:

- улогата на домаќин на регионалната работилница во организација на TAIEX „Размена на искуства за функционирањето и јакнењето на капацитетите на јавните служби за вработување во регионот“

- Потпишување на билатерален договор за соработка помеѓу АВРМ и Националната служба за вработување на Унгарија.

Вработените во АВРМ земаа учество во повеќе конференции, семинари, студиски патувања и работилници, во земјата и во странство, кои беа од интерес за нејзиното функционирање и подобрување на работењето.

АВРМ редовно учествуваше на состаноците на следните Поткомитети во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација:

- Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика
- Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика.

Целта на овие активности е да се претстави детална слика за состојбата и напредокот на Република Македонија во процесот на усогласување на законодавството и јакнење на институционалниот капацитет за пристапување во Европска Унија.

# ПРИЛОЗИ

## СОСТОЈБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Преглед 1 Невработени лица според возрасна структура и пол, по Центар за вработување, состојба 31.12.2013 година

Преглед 2 Невработени лица според школска подготовка и пол, по Центар за вработување, состојба 31.12.2013 година

Преглед 3 Невработени лица според време на чекање на вработување и пол, по Центар за вработување, состојба 31.12.2013 година

Преглед 4 Невработени лица според национална припадност и пол, по Центар за вработување, состојба 31.12.2013 година

Преглед 5 Невработени лица според место на живеење (град,село), по Центар за вработување, состојба 31.12.2013 година

Преглед 6 Невработени инвалидни лица според возрасна структура и пол, по Центар за вработување, состојба 31.12.2013 година

Преглед 7 Невработени инвалидни лица според школска подготовака и пол, по Центар за вработување, состојба 31.12.2013 година

Преглед 8 Регистрирани пријави на засновани работни односи М-1 Обрасци, по Центар за вработување во периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013 година

## АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Табела 1 Број на невработени лица - нови вклучени и вкупен број на учесници во активни мерки во 2013

Табела 1.А Број на планирани, апликации и вклучени невработени лица во активни мерки во 2013 година

Табела 2 Број на учесници во активни мерки според пол и возраст во 2013 година

Табела 3 Број на учесници во активни мерки во 2013 според степен на образование

Табела 4 Број на учесници во активни мерки во 2013 година според времетраење на невработеност

Табела 5 Број на учесници во активни мерки во 2013, завршени и успешно завршени и постигнати вработувања во дадениот период

## *ПОСЕБЕН ФОНД*

Tabela 1 Одобрени барања во текот на 2013 година според година на поднесување

Tabela 2 Доделени средства  за Посебен фонд за период 2007-2013 година